Датум: 06.10.2025

Постапувајќи согласно одредбите на склучениот Договор помеѓу Austrian Development Agency и Центар за истражување и креирање политики (ЦИКП):

ЦИКП објавува **Повик за обезбедување услуги за организирање на Конференција.**

Почитувани,

ЦИКП во рамките на проектот „Strengthening transparency and accountability for gender equality in Western Balkans and Moldova (Gender Budget Watchdog Network, Phase II)" имплементиран од страна на ЦИКП, организира тродневна работилница за Стандарди за Квалитет. Притоа, Ве покaнува да учествувате во постапка за обезбедување на услуги за подршка при организирање на Конференција. Целосната документација е приложена кон ова писмо и содржи:

А. Упатства за понудувачи и барања

Б. Анекси:

- Анекс I Опис на услуги
- Анекс II Образец за понуда (Техничка и Финансиска понуда )

Со почит,

ЦРПМ тим

## А. УПАТСТВА ЗА ПОНУДУВАЧИ и БАРАЊА

### 1. Нарачател на услуги

Нарачател на услугите е Центар за истражување и креирање политики, Скопје, проект: „Strengthening transparency and accountability for gender equality in Western Balkans and Moldova (Gender Budget Watchdog Network, Phase II)"

Адреса: Цицо Поповиќ бр. 6-2/9, 1000 Скопје,

web: www.crpm.org.mk  email: crpm@crpm.org.mk

Услугите што ги бара Нарачателот се опишани во Описот на работните задачи.

### 2. Предмет на договорот за набавка

Предмет на договорот за набавка е обезбедување на услуги за организирање Конференција. Детален опис на предметот на договорот е даден во техничката спецификација во прилог на оваа документација.

### 3. Содржина на понудите

Понудите, целата кореспонденција и документите поврзани со постапката кои ги разменуваат понудувачот и нарачателот се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Понудата се изготвува во согласност со предвидените услови, во електронска форма, со користење на обрасци дадени во прилог.

Елементи на понудата:

- Анекс II - Образец на понуда (Техничка и Финансиска понуда)
- ДРД образец од понудувачот или Тековна состојба

### 4. Начин на поднесување на понуда

Понудата може да се поднесе најдоцна до 13.10.2025 година до 17:00 часот на следната електронска адреса: tanevska@crpm.org.mk и petriskova@crpm.org.mk;

Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, нема да се разгледува.

### 5. Право на учество

Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно правно лице - понудувач.

### 6. Цена на понудата

Цената на понудата се пишува со бројки и букви.

### 7. Валута на понудата

Цената на понудата се изразува во денари **СО** вклучен данок на додадена вредност.

### 8. Критериуми за доделување на договор

Критериуми за доделување на договорот за набавка на услуги е економски најповолна понуда. За носителот на набавка ќе биде избран оној понудувач кој ќе понуди најниска цена.

ЦИКП го задржува правото да ја прифати или одбие било која понуда. Изборот на понудата ќе се врши според процедурите за набавки на ЦИКП.

**9. Потпишување на договор**

По завршување на изборот за најповолен понудувач, сите понудувачи во постапката ќе бидат известени за одлуката за прифаќање/одбивање на доставената понуда. Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици.

Успешниот понудувач ќе биде информиран за прифаќањето на неговата понуда, најдоцна во рок од 3 дена од донесувањето на одлука за избор на најповолна понуда. Нарачателот го задржува правото да побара дополнителни документи од понудувачот. Најуспешниот понудувач ќе биде поканет да склучи Договор за извршување на услугите.

## Б. АНЕКСИ

### АНЕКС I ОПИС НА УСЛУГИ

**1. Специфични активности**

За потребите на проектот „Strengthening transparency and accountability for gender equality in Western Balkans and Moldova (Gender Budget Watchdog Network, Phase II)" неопходна е поддршка во обезбедување на услуги за реализација на сместување и организирање на Конференција со 4 ноќевања за периодот од 9ти до 13ти Декември 2025 год.

| Ред бр. | Опис на бараните услугите | Единица мерка | Вкупна количина | Број на учесници |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Изнајмување простор за дводневна конференција на 10ти и 11ти Декември со капацитет од 80 лица поставеност округли маси со по 6-8 учесници на маса | Конференциска сала | 1 | 80 |
| 2. | Изнајмување на простор за работилница од два дена и тоа: еден цел ден ( 12ти Декември ) и половина ден ( 13 Декември) за 40 лица | Конференциска сала | 1 | 40 |
| 3. | Кафе паузи за учесниците | Кафе пауза (10ти и 11ти Декември)<br><br>Кафе пауза (12ти и 13ти Декември) | 2<br><br>2 | 80<br><br>40 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Ручеци со безалкохолен пијалок за учесниците | Ручек (10 и 11ти Декември)<br><br>Ручек (12ти и 13ти Декември) | 2<br><br>2 | 80<br><br>40 |
| 5. | Полупансион | Полупансион (9-11ти Декември)<br><br>( 11-13ти декмври ) | 2<br><br>2 | 65<br><br>45 |

1. Сала со капацитет за 80 гости, која ќе биде користена 2 дена цел ден ( 10ти и 11ти Декември)
2. Сала со капацитет од 40 лица која ке биде користена два дена и тоа: еден цел ден (12ти Декември и половина ден до ручек ( 13ти Декември).
3. За паузите потребно е да се обезбеди кафе, чај и вода за сите учесници (1 кафе/чај и 1 вода од 0.33l по учесник);
4. Ручек за 80 лица на 10ти и 11ти Декември и за 40 лица на 12ти и 13ти Декември. На ручекот ќе се служи по еден безалкохолен пијалок по желба на учесниците. Ручекот ќе биде на база на шведска маса, со можност за избор (вегетаријанско/пилешко/свинско/телешко мени);
5. Полупансион за 65 лица 2 дена (9-11 Декември), за 45 лица два дена ( 11-13 Декември). Сместувањето да биде во еднокреветни соби.
6. Вода за учесниците во текот на работилниците

**7. Датум на започнување и период на имплементација на задачите**

**Датумите на реализација на конференцијата се планирани од 10ти до 13ти Декември:**

- Конференцијата ќе се реализира од 10ти до 13ти Декември
- Сместувањето ќе се реализира од 9ти до 13ти Декември
- Ручеците ќе се реализираат на од 10 ти до 13ти Декември
- Полупансионите ќе се реализираат од 9ти до 13ти Декември

**8. Техничка опрема**

Во ова барање потребно е да се обезбеди следната опрема:

- За конференцијата (10ти и 11ти Декмври):

- Конференцисаката сала да биде наместена со тркалезни маси со 6-8 учесници по маса и бина за говорници со фотељи
- Опрема за превод за 4 јазици (вклучувајќи 4 кабини за преведувачи, 80 слушалки, микрофони статични, 4 подвижни, опрема за синхронизација и вклучена техничка поддршка)
- Дигитални банери
- Лед Екран за настани ( event led screen)
- Топ светла рефлектори за бината

- За работилницата (12ти и 13ти Декември)
  - Конференциската сала да биде организирана во п формат за состанок
  - Опрема за превод за 4 јазици (вклучувајќи 4 кабини за преведувачи, 45 слушалки, микрофони статични, 3 подвижни, опрема за синхронизација и вклучена техничка поддршка)
  - Дигитални банери

## 9. Цена

Финансиската понуда треба да биде пресметана согласно горенаведените барања и спецификации. Вкупниот износ на договорот е во зависност од услугите кои ќе бидат испорачани. Понудата треба да биде изразена во МКД, со и без пресметан ДДВ.

# АНЕКС II ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДАТА

[меморандум на понудувачот]

Врз основа на огласот објавен од страна на Центарот за истражување и креирање политики, Скопје, проект: „Strengthening transparency and accountability for gender equality in Western Balkans and Moldova (Gender Budget Watchdog Network, Phase II)" за доделување на договор за набавка за обезбедување на услуги за поддршка при организирање на конференција и работилница со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, ја поднесуваме следнава:

## П О Н У Д А

### Дел I – Информации за понудувачот

| | |
|---|---|
| 1.1. Назив на понудувачот: | |
| 1.2. Контакт информации | |
| Адреса: | |
| Телефон: | |
| Е-пошта: | |
| Лице за контакт: | |
| 1.3. Одговорно лице: | |
| 1.4. Даночен број: | |

### Дел II – Техничка понуда

I. Согласни сме да ги понудиме следниве стоки/услуги/работи:
______________________________________________________

II. Временска рамка, распоред и траење на предложените активности:
______________________________________________________

### Дел III – Финансиска понуда

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Опис на услугите** | **Единица мерка** | **Количина** | **Единечна цена без ДДВ** | **Единечна цена со ДДВ** | **Вкупна цена без ДДВ (3*4)** | **Вкупна цена со ДДВ (3*4)** |
| | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| **Вкупна цена без ДДВ:**<br><br>**Со зборови:** | | | | | | |
| **Вкупна цена со ДДВ:**<br><br>**Со зборови:** | | | | | | |

*Додадете редови доколку е потребно

Место и датум

______________________________

Одговорно лице

______________________________

(потпис и печат)